Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-596/3
__________ година 29-10-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 596/1 од 02.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-596/1 од 02.09.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

### Образложение

[redacted] на 02.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-596/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 20.09.2024 година, до подносителката направи обид за достава преку пошта на Барање бр. 08-596/2 од 18.09.2024 година за доуредување на претставката. Согласно информациите од поштенскиот оператор, на наведената адреса за достава именуваната повеќе не живеела, односно била иселена.

Од причини што претставката не е во можност да се достави на наведената адреса, а Комисијата согласно наведеното во претставката не располага со други податоци за на подносителката, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- *Архива на Комсијата*